**ЗАПИСНИК**
**од 58-та седница на Советот**
**одржана на 07.12.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, Бранко Радовановиќ, м-р Борис Арсов, м-р Васко Петревски, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, м-р Алма Машовиќ, Методи Стоименовски,

**Отсутни членови на Совет:** акад. Бојан Шоптрајанов (оправдано отсутен), Сељадин Џезаири (оправдано отсутен), Замир Мехмети (оправдано отсутен), м-р Методија Јанчески (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Арбен Саити, Цветанка Митревска, Слободан Беличански, Милаим Абдураими, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

**Присутни новинари:** Михајло Видимлиски од 24 Вести.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 58-та седница на Советот за радиодифузија на РМ.

Предлози за дополнување и измена на дневниот ред не беа понудени. Советот со 10 гласа „за“ (членот на Советот, Столе Наумов беше отсутен за време на гласањето), го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 55-та седница на Советот, одржана на 23.11.2012 година.
2. Предлог - Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година.
3. Информација за регистрација на програмските сервиси застапувани од страна на Здружението за заштита на авторските музички права – ЗАМП - Скопје.
4. Барање за корекција на програмски пакет на оперторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија.
5. Предлог - Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за периодот од 2013 до 2015 година.
6. Предлог - План за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година.
7. Предлог – Одлука за извршување попис на средствата на Советот за радиодифузија за 2012 година и формирање на Пописна комисија.
8. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 55-та седница на Советот, одржана на 23.11.2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, посочи дека во записникот е направена техничка грешка во името на новинарот Сања Јовановиќ од ТВ Телма и предложи истата да се исправи.

Советот, со забелешката, со 10 гласа „за“, едногласно, го усвои Записникот од 55-та седница на Советот, одржана на  23.11.2012 година, во текстот како што беше предложен. (членот на Советот, Столе Наумов беше отсутен за време на гласањето).

**Точка 2**

Советот ја разгледа Предлог - Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година.

Раководителот на Стручната служба објасни дека предлозите дадени од членовите на Советот, Лазо Петрушевски и Столе Наумов се вградени во содржината на текстот на предложената Програмата за работа на Советот за радиодифузија на РМ во 2013 година.

Советот со 11 гласа „за", едногласно, ја усвои предложената Програма за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2013-та година.

**Точка 3**

Советот ја разгледа Информацијата за регистрација на програмските сервиси застапувани од страна на Здружението за заштита на авторските музички права – ЗАМП - Скопје.

Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, објасни дека на ден 16.11.2012 година, во просториите на Советот за радиодифузија, бил одржан состанок на претставниците на Здружението за заштита на авторските музички права ЗАМП – Скопје и Советот за радиодифузија на Република Македонија. На состанокот претставниците на ЗАМП го информирале Советот дека декодерските картички за прием на ТВ Словенија 1 и ТВ Словенија 2 се дистрибуирани до сите кабелски оператори што ги реемитуваат овие два телевизиски програмски сервиси. Исто така. дискусијата се водела и околу ефикасна и олеснета примена на Одлуката за доставување на пропратна документација кон барањата и другите дописи упатени до Архивата на Советот за радиодифузија, и во текот на состанокот претставниците на ЗАМП побарале Советот да провери колку програмски сервиси реемитува кабелскиот оператор КТВ Пешна ДООЕЛ - Македонски Брод, затоа што во пакетот програмски сервиси има регистрирано три програми, а имаат сознание дека реемитува повеќе.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, по разгледувањето на предметната информација рече дека има технички забелешки во однос на предлог-заклучокот и во таа насока предложи истиот да се скрати и да се направи содржински појасен.

Советот ја усвои Информацијата за регистрација на програмските сервиси застапувани од страна на Здружението за заштита на авторските музички права – ЗАМП – Скопје, подготвена од Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права.

Во интерес на ефикасна и олеснета примена на Одлуката за доставување на пропратна документација кон барањата и другите дописи упатени до Архивата на Советот за радиодифузија бр. 02-4880/1 од 24.09.2012 година, и Правилникот за регистрација на пакетот програмски сервиси на операторите на јавни комуникациски мрежи бр. 01-5198/1 од 10.10.2012 година, во постапката за регистрација на програмските сервиси што во Република Македонија ги застапува ЗАМП – Скопје, Советот донесе одлука:

За јавните радиодифузни сервиси од Европа, операторите на јавни комуникациски мрежи кои сакаат да ги реемитуваат тие програмски сервиси да обезбедат извадоци од соодветни Закони од кои ќе се види дека конкретниот јавен радиодифузен сервис чиј програмски сервис сакаат да го реемитуваат не подлежи на издавање на дозволи (лиценци) за вршење радиодифузна дејност, туку се основа врз

основа на закон (ipso jure) и дека врз основа на закон (ipso jure) стекнуваат право на вршење радиодифузна дејност.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, одлуката на Советот да ја достави до Здружението за заштита на авторските музички права – ЗАМП – Скопје.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да направи контрола на кабелскиот оператор КТВ Пешна ДООЕЛ - Македонски Брод, заради проверка колку програмски сервиси фактички реемитува во својот пакет, во услови кога во Советот за радиодифузија има регистрирано само три телевизиски програмски сервиси (МТВ 1, МТВ 2 и Собраниски канал).

**Точка 4**

Советот го разгледа Барањето за корекција на програмскиот пакет на оперторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, даде кратко објаснување во однос на предложената информација. Појасни дека операторот има направено техничка грешка, која се констатирала при контролен мониторинг на Советот кај наведениот кабелски оператор. Имено при регистрација на програмскиот пакет во Советот, во табелата на времетраење на договорот наместо да го вметнат времето кога истекува договорот тие го ставиле датумот кога го потпишале договорот. При контролата на Советот се дошло до заклучок дека сите пакети се нелегални со истечен рок, но потоа дошле до сознание дека е направена ненамерна техничка грешка. Од таа причина СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија во Советот повторно ги доставил договорите и Барање за корекција на наведениот пакет.

Советот го усвои Барањето за корекција на програмскиот пакет на операторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија.

Советот едногласно одлучи на операторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија да му издаде корегирана потврда за регистриран програмски пакет.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да направи корекција во датумите на потврдата бр. 1 архивски бр. 11-426 од 31.12.2010 година на програмските сервиси и истата корекција на потврдата бр. 1 архивски бр. 11-426 од 31.12.2010 година да ја евидентира во Системот на Советот за евиденција на кабелски оператори и нивните програмски пакети, односно наместо:

| **1.1 Програмски сервиси на странски радиодифузери** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на програмскиот сервис** | **Оригинален јазик на емитување на сервисот** | **Времетраење на договорот** | **Дали програмскиот сервис се реемитува во кодиран облик** |
| **1** | Fashion TV | Англиски | 31.12.2012 | не |
| **2** | Motors TV | Англиски | 01.04.2014 | не |
| **3** | TV 1000 | Англиски | 01.05.2011 | Кодиран по 24ч. |
| **4** | Viasat History | Англиски | 01.05.2011 | не |
| **5** | Viasat Explorer | Англиски | 01.05.2011 | не |
| **6** | Viasat Nature | Англиски | 01.05.2011 | не |
| **7** | Fox Life | Англиски | 30.04.2011 | не |
| **8** | Fox Crime | Англиски | 30.04.2011 | не |
| **9** | Nat.Geo. WILD | Англиски | 30.05.2011 | не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10** | VH 1 | Англиски | 31.12.2011 | не |
| **11** | MTV | Англиски | 31.12.2011 | не |
| **12** | Cartoon Network | Англиски | 31.08.2012 | не |
| **13** | CNN | Англиски | 31.08.2012 | не |
| **14** | Boomerang | Англиски | 31.08.2012 | не |

Истата да се промени и да гласи:

| **1.1 Програмски сервиси на странски радиодифузери** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на програмскиот сервис** | **Оригинален јазик на емитување на сервисот** | **Времетраење на договорот** | **Дали програмскиот сервис се реемитува во кодиран облик** |
| **1** | Fashion TV | Англиски | 01.01.2015 | не |
| **2** | Motors TV | Англиски | 01.04.2014 | не |
| **3** | TV 1000 | Англиски | 01.09.2014 | Кодиран по 24ч. |
| **4** | Viasat History | Англиски | 01.09.2014 | не |
| **5** | Viasat Explorer | Англиски | 01.09.2014 | не |
| **6** | Viasat Nature | Англиски | 01.09.2014 | не |
| **7** | Fox Life | Англиски | 30.04.2015 | не |
| **8** | Fox Crime | Англиски | 30.04.2015 | не |
| **9** | Nat.Geo. WILD | Англиски | 30.04.2015 | не |
| **10** | VH 1 | Англиски | 31.12.2012 | не |
| **11** | MTV | Англиски | 31.12.2012 | не |
| **12** | Cartoon Network | Англиски | 01.05.2013 | не |
| **13** | CNN | Англиски | 01.05.2013 | не |
| **14** | Boomerang | Англиски | 01.05.2013 | не |

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста во соработка со Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги направи потребните измени на податоците во однос на СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија, што се објавуваат на веб страницата на Советот.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот потврдата со корекција да ја достави до операторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија.

**Точка 5**

Советот го разгледа Предлог - Стратешкиот план за извршување на внатрешна ревизија за периодот од 2013 до 2015 година.

Внатрешниот ревизор од Одделението за внатрешна ревизија во Советот, кратко објасни дека Стратешкиот план за внатрешна ревизија е изработен од страна на Одделението за внатрешна ревизија и претставува план на цели и активности и истовремено претставува основен среднорочен план за развој со утврдена временска рамка за остварување на мисијата на Советот за радиодифузија на РМ. Стратешкиот план е подготвувен за три години - од 2013 до 2015 година, каде подетално е разработена првата година (краткорочните цели), а индикативно се разработени наредните две години (среднорочните цели) и истиот ќе биде ревидиран во 2015-та година кога ќе биде изготвен нов стратешки план.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски бараше појаснување од Внатрешниот ревизор и го запраша зошто во Стратешкиот план е предвидено да има нов вработен во Одделението за внатрешна ревизија во Советот, и за него се предвидени опрема за работа, компјутер и сл, но во планот за личниот доход е изоставен новиот вработен односно за сите години е предвиден личен доход само за сегашниот вработен, а не и за новото планирано лице кое треба да биде вработено?

Внатрешниот ревизор рече дека Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за период од 2013 до 2015 година е општо изработен и предвидени се одредени работи, но дали ќе се остварат ќе зависи од потребата и политиката на Советот.

Советот едногласно го усвои Стратешкиот план за извршување на внатрешната ревизија за период од 2013 до 2015 година, предложен од Одделението за внатрешна ревизија во Советот за радиодифузија.

Советот го задолжи Одделението за внатрешна ревизија во Советот за радиодифузија, горенаведениот Стратешки план да го достави до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

**Точка 6**

Советот го разгледа Предлог - Планот за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година.

Внатрешниот ревизор објасни дека Планот кој е изработен се темели на анализи и проценки од претходната и на тековната година, како и согледувања на реално поставените цели, приоритети и мерки кои треба да се преземат за ефективно остварување на обврските во наведениот период, имајќи ја предвид моменталната кадровска и организациска поддршка за вршење на ревизии. Годишниот план за внатрешна ревизија се изработува за календарската година и се усвојува врз основа на стратешкиот план. Внатрешната ревизија се извршува во согласност со прифатените стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија, односно меѓународните стандарди за внатрешна ревизија, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, подзаконските акти донесени врз основа на наведениот закон и интерните акти во Совет за радиодифузија.

Советот го усвои Планот за извршување на внатрешна ревизија за 2013 година, предложен од Одделението за внатрешна ревизија во Советот за радиодифузија.

Советот го задолжи Одделението за внатрешна ревизија во Советот за радиодифузија, горенаведениот План да го достави до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии.

По предлог на Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Советот едногласно одлучи да достави Барање до Државниот завод за ревизија, во кое ќе побара вонредна ревизија во Советот за радиодифузија за 2012 година во однос на неговото работење, односно дали е постапено по дадените забелешки од Конечниот Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Советот за радиодифузија, бр.03-1082/4 од 21.05.2012 година.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи во соработка со Секторот за правни работи да го подготви Барањето до Државниот завод за ревизија.

**Точка 7**

Советот ја разгледа Предлог – Одлуката за извршување попис на средствата на Советот за радиодифузија за 2012 година и формирање на Пописна комисија.

Советот донесе едногласна одлука да се изврши попис на: основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Советот за радиодифузија на РМ за 2012-та година, заклучно со 31.12.2012 година, во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот ("Сл.весник на РМ" бр.107/2011).

Советот донесе одлука да се формира Пописна комисија која ќе изврши попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства за Советот за радиодифузија на РМ за 2012 година, во состав:

- Арѓенд Џелили - претседател на Комисијата, со заменик Луција Ѓурковиќ;
- Сашо Богдановски – член, со заменик Рубин Талески, и
- Симе Златески – член, со заменик Александар Џуваревиќ.

Комисијата со пописот ја утврдува состојбата, заклучно со 31 декември 2012 година, составува пописни листи и изготвува Извештај за извршениот попис на начин и во роковите утврдени со Правилникот.

Извештајот за извршениот попис, Комисијата е должна да го достави до Советот, најдоцна до 15 јануари 2013 година.

Советот ја задолжи Пописна комисија која ќе изврши попис во Советот, да ги земе во предвид забелешките од Извештајот на Државниот завод за ревизија на Советот за радиодифузија на РМ за 2010 година во однос на спроведување на пописот.

**Точка 8**
**Разно**

- Советот ја разгледа Информацијата за ребрендирање – промена на името на телевизискиот канал – телевизискиот програмски сервис DoQ во 24 Kitchen.

Раководителот на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на автосрските и сродните права, објасни дека на ден 04.12.2012 година, кабелскиот оператор Спајдер Нет – Гевгелија, до Советот за радиодифузија на Република Македонија, достави барање за промена на името на телевизискиот канал – телевизискиот програмски сервис DoQ во 24 Kitchen, кон кое приложил известување од 04.12.2011 година на FOX International Channels Bulgaria EOOD од 04.12.2011 година. Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, преку контакт со овластениот застапник обезбедил документ на англиски јазик, со кој се потврдува ребрендирањето – промената на името на телевизискиот канал – телевизискиот програмски сервис DoQ во 24 Kitchen, кој е од холандско потекло, од типот на лајф стајл (lajf style) канали и се фокусира на храната (готвењето) и патувањата.

Советот ја усвои Информацијата за ребрендирање – промена на името на телевизискиот канал – телевизискиот програмски сервис DoQ во 24 Kitchen.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да изврши регистрирање на промената на името на телевизискиот канал – телевизискиот програмски сервис DoQ во 24 Kitchen, во програмскиот пакет на ТРД – оператор на кабелска мрежа Спајдер Нет – Гевгелија, со означување на времетраење на договорот до 01.01.2014 година.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права за извршената промена да го извести операторот на кабелска мрежа Спајдер Нет – Гевгелија, Министерството за култура и Координативното тело за интелектуална сопственост.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права, да ја изврши промената на името на телевизискиот канал во Системот за евиденција на кабелски оператори и нивните програмски пакети.

Советот го задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста во соработка со Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ги направи потребните измени на податоците во однос на СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија, што се објавуваат на веб страницата на Советот.

Се задолжува Секретаријатот на Советот потврдата со измената да ја достави до операторот СПАЈДЕР-НЕТ од Гевгелија.

- Советот едногласно одлучи да се прифати Барањето бр.11-407 од 28.11.2012 година, за дополнување на регистрираниот дигитален пакет програмски сервиси бр.32 на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје и да му издаде Потврда за регистриран дигитален програмски пакет бр.32, на програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права да ја изготви и да ја запише потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

Советот задолжи Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста во соработка со Секторот за спречување на пиратеријата и заштита на авторскот право и сродните права, да ја објави на веб страницата на Советот за радиодифузија измената во програмскиот пакет на Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, горенаведената потврда да ја достави до Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, до Министерството за култура и Координативното тело за интелектуална сопственост.

- Советот едногласно ја усвои предложената Информација за учество на 9-от состанок на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност, подготвена од Лазо Петрушевски, член на Совет и м-р Драгица Љубевска, Виш соработник од Секторот за европска и меѓународна соработка.

- Советот едногласно го усвои Извештајот за службено патување од членот на Советот, м-р Методија Јанчески – Учество на XIV пленарно собрание на Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA).

- Советот донесе едногласна Одлука за орочување на средствата на Советот за радиодифузија на РМ во банката чија понуда беше најповолна.

Беше заклучено Советот за радиодифузија на РМ да потпише договори со банката чија понуда беше најповолна и со тие договори да се уредат меѓусебните односи на двете договорни страни (членот на Советот, Столе Наумов беше отсутен за време на гласањето).

- Советот ја усвои Информацијата во врска со реализацијата на Договорот за спроведување на групна јавна набавка за изградба на административен објект на Советот за радиодифузија на РМ.

Советот го задолжи Секторот за економско-финансиски работи, на жиро сметката на Службата за општи и заеднички работи да ги уплати средствата согласно

член 7 од Договорот за спроведување на групна јавна набавка за изградба на административен објект на Советот за радиодифузија на РМ

**Бр. 02-73/1**
**04.01.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил/Одобрил: Ружица Бошнакоска Јотевска*